Акционерско Друштво
СТРУМИЧКО ПОЛЕ
Бр. 03-109
27.04 2026 год.
с.Василево

Врз основа на член 44 од Статутот на АД Струмичко Поле с.Василево Василево, Одборот на директори упатува:

**П О В И К**

До Акционерите на АД Струмичко Поле с. Василево за свикување седница на Годишно собрание на АД Струмичко Поле с. Василево, која ќе се одржи на ден - 28.05.2026 година во 13.00 часот во просториите на АД ГРОЗД Струмица, ул. „Цветан Димов“ бб (Стадион) Струмица со следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Верификација на список на пријавени и присутни акционери
2. Избор на претседавач на Собранието;
3. Избор на записничар и заверувачи на записник;
4. Усвојување на дневен ред;
5. Разгледување и усвојување на годишната сметка за 2025 година;
6. Разгледување и усвојување на годишен извештај за работата на друштвото изготвен од Одборот на директори на АД Струмичко Поле
7. Донесување одлука за покривање на загуба;
8. Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на одборот на директори;
9. Разгледување и усвојување на Извештајот од овластен ревизор;
10. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка за 2026 година;

Право на присуство и учество во работата на Собранието на АД Струмичко Поле имаат сите акционери на АД Струмичко Поле кои своето присуство ќе го најават пред почетокот на седницата.

Акционерите кои лично се спречени да присуствуваат на седницата на Собранието своето право на одлучување можат да го остварат преку свој застапник со полномошно заверено на нотар кое ќе го достават најкасно пред почетокот на седницата. Акционерот треба во писмена форма веднаш да го извести друштвото за секое дадено полномошно. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Образецот за гласање преку полномошник може да се добие во писмена форма по барање од акционерот поднесено до друштвото, од веб страната www.grozd.mk каде е објавена целокупната документација за собранието и од веб страната на Македонска Берза АД Скопје www.mse.mk каде е објавена целокупната документација за собранието на АД Струмичко Поле.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки доставено во писмена форма до Одборот на директори на друштвото, со приложено образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред, а сето тоа во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој повик.

Материјалите кои ќе се разгледуваат на Собранието се достапни на акционерите секој работен ден во седиштето на друштвото на ул.Населено место без уличен систем с.Василево, Василево и истите се објавени на веб страната www.grozd.mk и на веб страната на Македонска берза АД Скопје www.mse.mk.

АД СТРУМИЧКО ПОЛЕ с.Василево
Одбор на директори
Претседател
Тања Митева

----------------------------------------